Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-2776/1** **Градоначалник**
**29.12.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М “ број 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.М “ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11,192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ“ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РСМ“ број 154 од 20.07.2023 година), член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/2019 и 38/2020) и Колективниот договор на општина Македонска Каменица број 04-1934/1 од 19.10.2022 година Советот на општина Македонска Каменица на 34та седница на ден 29.12.2023 година донесе:

**Одлука за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2024 година**

**Член 1**

Буџетот на општина Македонска Каменица за 2024 година (во понатамошниот текст: Буџетот) се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на општина М.Каменица се состои од : општ, посебен и развоен дел:

- Општиот дел ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи на буџетот за фискалната година како и глобални проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години;
- Посебниот дел содржи план на одобрените средства на буџетските корисници по програми и ставки за фискалната година;

- Развојниот дел ги содржи плановите на програмите за развој на буџетските корисници прикажани по развојни проекти.

**Член 3**

Буџетот на општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности ,Буџет на донации, Буџет на дотации и Буџет на кредити.

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства по:

- одделни буџетски програми и потпрограми;
- години во кои истите ќе се реализираат;
- изворите на финансирање.

**Член 4**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 5**

Расходите утврдени во Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се превземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 6**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот, Градоначалникот на општината утврди дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства во Буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

**Член 7**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на општинските корисници ја одобрува Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на буџет и потпрограма не можат да бидат намалени повеќе од 20% со одлуката за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџетот не може да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

**Член 8**

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на општинскиот буџетски корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Општинските буџетски корисници во услови кога во Буџетот на дотации, донации, самофинансирачките активности и буџетот на заеми/кредити, планираните приходи и други приливи не се реализираат или се реализираат над планираниот износ доставуваат барање за намалување / зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 9**

Општинските Буџетски корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 10**

Исплатата на платите на вработените се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, согласно законските прописи.

Коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот е утврден согласно закон и изнесува 2,7 а основицата на кој се пресметува е утврдено согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ број 26/90, 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 110/07, 121/07, 161/08, 92/09, 139/09, 153/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18, 233/18 и „Службен весник на РСМ“ број 65/23).

За вработените кои имаат статус на административни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите на административните службеници се утврдува со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници која ја донесува Советот на општината.

За вработените кои немаат статус на административни службеници за 2024 година платите се исплаќаат согласно Законот за исплата на плати и согласно Колективниот договор на општина Македонска Каменица број 04-1934/1 од 19.10.2022 година.

Вработените во општинската администрација имаат право на 13-та плата во висина од просечна месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија објавена до денот на исплата.

Вработените на кои во текот на календарската година им е изречена дисциплинска мерка немаат право на 13-та плата за таа година.

Исплатата на 13-та плата ќе започне во 2023 година.

Средствата наменети за 13-та плата работодавачот ќе ги исплати доколку има можност односно доколку се предвидени средствата во буџетот на општина Македонска Каменица.

За вработените во јавните општински институции исплатата на платите ќе се врши согласно Законот за исплата на платите и истите ќе ги спроведуваат насоките согласно измените во колективните договори.

Платите на лицата кои вршат помошно - технички работи во јавните општински институции ќе се исплаќаат согласно колективниот договор за самата јавна општинска институција.

Основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува за 10%, започнувајќи со исплатата на платата за месец септември 2023 година.

**Член 11**

На членовите на Советот на општина Македонска Каменица им припаѓа месечен надоместок за присуство на седница на Советот и надоместок за патни и дневни трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците за присуство на седниците на Советот се обезбедуваат во Буџетот на општина Македонска Каменица.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот се утврдува во висина од 40% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот на општината за раководење и организирање на работата на Советот надоместокот од став 3 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надомест за присуство на седница на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Совет не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Совет во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 12**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Надоместокот за дневница за службено патување во Република Северна Македонија без трошоци изнесува 700,00 денари доколку патувањето траело повеќе од 12 часа.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% дневница од утврдениот износ од став 2 на овој член.

Доколку на вработениот му се обезбедени ноќевање, превоз и исхрана му следуваат 20% од утврдениот износ од дневницата од став 2 од овој член.

На членовите на Советот на општина Македонска Каменица им се исплатуваат надоместоците за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата според прописите кои се однесуваат на административните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 13**

Градоначалникот на општината одделните пресметки за плата на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата по извршената контрола согласно планираните средства во Буџетот на општината.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Буџетските корисници се задолжени пред исплата на плати до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат образците: Декларација за прием, копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата, како и други податоци за месецот за кој се однесува платата.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот буџет истите се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерството за финансии и се приложува образец М-1.

**Член 14**

Вработен кој заминува во пензија има право на испратнина во висина од две основици од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци.

**Член 15**

Исплата на име регрес за годишен одмор ќе се врши од програма Е0 – Општинска администрација и Д0 – Градоначалник од расходно конто 404110- Надомест за годишен одмор врз основа на донесено решение од Градоначалникот.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на регрес за годишен одмор ги обезбедува работодавачот од ставка 427 – привремени вработувања, а исплата ја врши Приватната агенција за вработување по претходно платена фактура од општината кон агенцијата.

Висината на надоместокот за регрес за годишен одмор се утврдува во висина од 100 % од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината, а најдоцна до крајот на тековната година.

Правото на регрес за годишен одмор има и вработениот кој во текот на календарската година се вработил кај друг работодавач .

Вработен во општинската администрација на општина Македонска Каменица има право на јубилејна награда доколку во текот на своето работење создал континуитет, односно непрекинато работење во општина Македонска Каменица.

Користењето на правото на работникот на неплатено отсуство до три месеци во текот на една календарска година, претставува право од работен однос на работникот и не се смета како прекин на континуитето односно прекината работа во општина Македонска Каменица во смисла на претходниот став од овој член.

Право на јубилејна награда има вработен кој засновал работен однос во општинската администрација на општина Македонска Каменица и истото им се исплаќа од буџетот на општина Македонска Каменица во вид на еднократен паричен износ за јубилејна награда во висина од:

- 25.000,00 денари за 10 (десет) години континуирана работа;
- 30.000,00 денари за 15 (петнаесет) години континуирана работа;
- 35.000,00 денари за 20 (дваесет) години континуирана работа;
- 40.000,00 денари за 25 (дваесет и пет) години континуирана работа;
- 45.000,00 денари за 30 (триесет) години континуирана работа;
- 50.000,00 денари за 35 (триесет и пет) години континуирана работа;
- 55.000,00 денари за 40 (четириесет) години континуирана работа;

За исполнување на условите и висината на јубилејната награда се одлучува со решение кое го донесува Градоначалникот на општина Македонска Каменица.

Јубилејната награда свечено ќе се доделува на 28-ми Август – Денот на општината, а ќе се исплати до крајот на календарската година во која се одбележува јубилејот, по изготвено решение.

Јубилејната награда се исплаќа во годината кога се остварува правото, почнувајќи од 2022 година.

**Член 16**

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето-плата во правниот субјект каде што е вработен од програма Општинска администрација – Е0 – расходно конто 464990-Други трансфери.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалната јавна установа на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во републиката објавена до денот на исплатата.

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа

парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од став 2 и став 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетна документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината настапување на смртта и донесено решение од Градоначалникот на општината.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на помошта од ставовите 2 и 3 на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Привремената агенција за вработување.

**Член 17**

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискални сметки во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во  поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 18**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во пооделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината, а финансирањето ќе се врши врз основа на решенија од Градоначалникот согласно средствата предвидени во буџетот на општина М.Каменица за 2024 година и тоа:

-за еднократна парична помош

-за новороденчиња

-за развој на културата, спортот и екологијата

-за парична помош на месните заедници.

Дополнително финансирање на единките корисници во случај на недистиг на средства ќе се врши преку општинските подсметки 603 со одобрување на план за трошење во рамките на планираните средства во Буџетот на општината.

**Член 19**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на работните места на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.

Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства.

Во делот на пренесените надлежности, во локалните јавни установи од областа на образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации согласност за нови вработувања се дава доколку се обезбедени средства во Буџетот на РСМ за тековната година, за кои писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од Градоначалникот на

општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.

Вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година писмено известување ќе даде Градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации, истите се должни да достават известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми подпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

За користење на средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна) одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот на општината.

За искористените средства Градоначалникот поднесува годишен извештај за користење на средствата од резервите.

**Член 22**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите Градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебнитеправа и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 23**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема тогаш на товар на другите приходи на буџетот.

Поврат на погрешно или повеќе уплатените приходи се врши со решение на Градоначалникот освен кога надлежноста им припаѓа на други орагани.

**Член 24**

Буџетот на општина М.Каменица се извршува од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година.

**Член 25**

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Македнска Каменица" а ќе се применува од 1 Јануари 2024 година.

**Број 08-2777/1**
**29.12.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**